КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## Април 2023

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
**www.mapas.mk** **02/3224-229**

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

И покрај се поголемиот број на индикатори кои сигнализираат пад на економската активности во развиените држави, голем дел од објавените финаниски резултати на глобалните компании за првиот квартал на 2023 се значително подобри од предвидувањата. Позитивните резултати доведоа до продолжување на позитивниот моментум кој е присутен на пазарите на капитал од почеток на оваа година.

Во текот на месец април, глобалниот индекс MSCI ACWI забележа раст од 1,27%, со што истиот индекс од почеток на годината има раст од 8,20%. Гледано по региони најголем раст во текот на месецот имаа европските акции (мерени преку STOXX 600 индекот) и акциите на американски компани (мерени преку S&P 500 индекот) со раст од 1,92% и 1,46% соодветно, а истите региони имаат и највисок раст од почеток на годината.




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик
**MSCI Emerging Market -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој
**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави
*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во иста насока како странските берзи беше и МБИ-10 индексот кој го продолжи растот и во текот на месец април, достигнувајќи раст од почеток на годината од 5,77%. Во текот на месецот значителен раст имаа акциите на НЛБ Банка, Стопанска Банка Скопје, Макпетрол и Уни Банка. Од почеток на годината најголем раст имаат акциите на Уни Банка со раст од 29,82% и НЛБ Банка со раст од 20,91%, додека намалување на вредноста на акциите има само кај Гранит за 5,89%.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Во исчекување на следните чекори на монетарните власти, во текот на месец април приносите на државните обврзници се стабилизираа и беа со помала волатилност за разлика од претходните месеци.

На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската со принос од 6,34%, додека јапонската десетгодишна обврзница како и претходно има најнизок принос од 0,39%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец април значителен пад во однос на еврото имаа руската рубља (RUB) со пад од 4,20% и јапонскиот јен (JPY) со пад од 4,10%, додека раст во однос на еврото имаа британската фунта (GBP) и швајцарскиот франк (CHF).

Од почеток на годината, раст во однос на еврото имаа само британската фунта и швајцарскиот франк кои ја зголемија вредноста за 0,97% и 0,48% соодветно, додека најголем пад имаа руската рубља и јапонскиот јен кои ја намалија вредноста за 9,52% и 6,48% соодветно.



**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*